**Финансирање за мерка 103**

Процентот на помош доделена на прифатените проекти изнесува до 50% од вкупно прифатливиот трошок. Во рамките на оваа мерка, најмалата вредност на вкупните прифатливи трошоци по инвестиција изнесува **10.000** евра (минимална граница), додека пак најголемата вредност на прифатливи трошоци не смее да надмине **3.000.000** евра за целиот финансискиот период 2007 – 2013 на ИПАРД Програмата

Вредноста на прифатливите трошоци се утврдува без ДДВ (данок на додадена вредност).

Еден корисник може да поднесе повеќе барања за користење на средства за инвестиции во рамки на мерката 103, доколку претходно одобрените проекти се реализирани и целосно исплатени.

Корисниците - правни лица се обврзани да ги чуваат сите сметководствени податоци најмалку 5 години по спроведувањето на инвестицијата. Корисникот треба да соработува и да ги достави бараните информации до службените лица во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ИПАРД агенцијата или Европската Комисија овластени за контрола и ревизија на спроведувањето на проектот, како и Националниот офицер за авторизација/Национален Фонд и ревизорското тело.

Во случај кога финансиската поддршка не се користи за планираната цел или кофинансираната опрема и објекти се продаваат или даваат под наем во период од 5 години по завршување на крајната исплата, АФПЗРР ќе поведе постапка за поврат на средства.